Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ" издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/26).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "30 јуни 2026 година" се заменуваат со зборовите "30 декември 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. "Роберт Кох" бр. 1/2-3, Скопје-Карпош (во понатамошниот текст: Друштво), на 12 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ", УП1 бр.12-268/26 од 12 јуни 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено Извештај од надзорен инженер бр. 0302-6860/1 за Инциденти и тестирање на опрема на објект 1: фотоволтаична централа „ТРИНИТИ" на земја во Општина Свети Николе со моќност P=2.970kW, на КО Пеширово, КП бр.665, 666, 669, 670, 671 и 672 и објект 2: ѕидана

бетонска трафостаница 10(20)/0,8kV/kV, 3150kVA, изработен од Друштво за градежништво и услуги УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ОД 26 МАЈ 2026 година. Во извештајот е наведено дека во рамки на пробната работа и испитување на системите на фотоволтаичната централа биле забележани технички аномалии поврзани со често исклучување од работа кај дел од инверторите, поради обилни дождови биле поплавени инверторите. Исто така забележана е нестабилна работа на МРРТ тракери проследена со асиметрија на напонот на праг на фотонапнска електроцентрала, поради исклучувањата на дел од инверторите. Од тие причини потребно е дополнителен период за тестирање на опремата како и продолжување на лиценцата за пробна работа

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1027/1 од 19 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 19 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонската електроцентрала ФЕЦ “ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ” издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги ТРИНИТИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за период од шест месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-268/26**
**19 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**